РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-5461/2
19. 07 2024 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

Согласно Одлуката за одобрување на субвенционирање на граѓани, жители на општина Пробиштип за набавка на велосипеди во 2024 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање, бр.26-199/14,донесена на 13.02.2024 година,од страна на Советот на општина Пробиштип и согласно Програмата за подршка на локалниот економски развој на Општина Пробиштип за 2024 година бр. 1097/31 од 17.11.2023, Градоначалникот на општина Пробиштип објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## За субвенционирање на граѓаните-жители на Општина Пробиштип за набавка на велосипеди за 2024 година

1. **Опис на јавниот повик**

Општина Пробиштип, со цел да ги стимулира жителите на Општина Пробиштип (домаќинствата) за користење на велосипеди кои незагадуваат и се еколошки прифатливи за околината.

Субвенционирањето на граѓаните жители на општина Пробиштип за набавка на велосипеди ќе се финансира од Буџетот на Општина Преобиштип за 2024 година од ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2024 ГОДИНА, Подпрограма за заштита на животната средина, со вкупна вредност за субвенционирање по оваа мерка од 200.000 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок.
Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство ќе изнесува 40% од вредноста на набавениот велосипед, но не повеќе од 4000 денари во нето износ.
Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства по принцип „прв дојден–прв услужен„.
Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на донесено Решение од Градоначалникот на општина Пробиштип.

**2.Право на учество на јавниот повик**

Секој барател кој поднел барање за субвенционирање за набавка на велосипед треба да ги исполнува следните услови:

- Да е полнолетен жител на општина Пробиштип
- Да има платено данок на имот за станбеност објект заклучно со 2023 година

- Велосипедот да е купен во тековната година за која е распишан јавниот оглас почнувајки од 01.01.2024 година до крајот на 2024 година, односно до исцрпување на средствата
- Во домаќинството да нема друг член поднесено барање за субвенционирање на ваков вид субвенција
- Во домаќинството да нема друг член поднесено барање за субвенционирање на ваков вид субвенција
- Барателот претходно да не бил корисник на субвенција од овој тип од Општината или други повици за субвенционирање на набавка на велосипед

### 3. Потребни документи за учество на Јавниот Повик

Барателот за исполнување на условите од јавниот повик, со барањето ги доставува следниве документи:

- Копија од важечка лична карта или важечка патна исправа
- Копија од трансакциска сметка изјава за давање на согласност за користење на лични податоци
- Изјава за семејна состојба
- Потврда од општина Пробиштип дека е платен данокот на имот заклучно со 2023 година
- Фотографија од купениот велосипед доказ дека купувањето е извршено во 2024 година и тоа фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (во оригинал или копија заверена на нотар)
- Изјава заверена кај нотар со која барателот под морална, материјална и кривична одговорност ќе потврди дека во домаќинството нема друг член што поднел барање за добивање на овој вид на субвенција и дека е согласен на барање на Комисијата да го донесе на увид купениот велосипед во дворот на административната зграда на Општината, во спротивно субвенцијата ќе биде одбиена.

### 4. Начин на пријавување на Јавниот повик

Барателот треба да го достави барањето и документацијата во прилог возатворен плик до „Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните за набавка на велосипед за 2024 година " во архивата на Општина Пробиштип, на адреса ул. Јаким Стојковски бр. 1 Пробиштип, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.
На пликот треба да е наведено: „Јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на велосипед за 2024 година ".
Архивата на Општина Пробиштип примените барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

Образецот на барање и образецот на изјава ќе бидат достапни на веб страницата на Општина Пробиштип www.probistip.gov.mk и во архивата на општина Пробиштип.

**5.Начин на одобрување**

За целта на Јавниот повик, Градоначалникот формира Комисија. Комисијата ќе врши увид за потврдување на вродостојноста на купениот велосипед во две фази и тоа:
Во првата фаза ќе ги разгледува пристигнатите барања и документацијата која е доставена со цел да се утврди дали истите се уредни и комплетни.
Во втората фаза ќе изврши проверка кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дали е купен велосипедот. Барателот е должен да и овозможи увид на Комисијата со донесување на велосипедот во дворот на административната зграда.
Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно по принцип на „прв дојден-прв услужен„ по донесени решенија од Градоначалникот за исплата по предлог на Комисијата за исполнети услови од јавниот повик.

**6. Начин на остварување на правото на надоместок**

Градоначалникот на Општина Пробиштип на предлог на Комисијата донесува решение за усвојување на барањето за барателите кои ги исполниле условите од овој Јавен повик, а во случај на неусвојување на барањето на предлог на Комисијата, Градоначалникот на Општина Пробиштип дава писмено известување за неусвојувањето.

Комисијата ги известува барателите во рок од 7 дена од денот на поднесување на барањето доколку немаат уредна и комплетна документација и им ја враќа истата во прилог на известувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов